РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-2505/1
23-07-2026 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на членот 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), членот 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 36-та седница, одржана на ден 20.07.2026 година ја донесе следната:

## ОДЛУКА

Пријавата заведена под број 12-3059/1 од 24.11.2025 година, со наводи против лицето ---------- ---------------- полициски службеник вработен во МВР на РСМ - сектор за криминалистичка полиција при ------- --------, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај, од причина што пријавените дејствија не се во надлежност на постапување на ДКСК и за истите друг орган е надлежен да постапува.

Пријавата да се достави на надлежно постапување на Министерството за внатрешни работи на РСМ - Оддел за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди.

Предметот со број 12-2040/1 од 28.07.2025 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Од страна на познат подносител, на ден 12-3059/1 од 24.11.2025 година, поднесена е пријава, без прилози, по која е оформен предмет број 12-3059/1 од 24.11.2025 година.
Во доставената пријава изнесени се наводи против лицето ---------- -------------- полициски службеник вработен во МВР на РСМ - сектор за криминалистичка полиција при ---------- ----------- поради сомневање за злоупотреба на службената

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

положба и вршење на незаконити дејствија-прикривање и заштита на други лица инволвирани во повеќе кривични активности во периодот во 2025 година. Подносителот наведува дека лицата наведени во пријавата биле заштитени од наведениот полициски службеник од причина што кон истите никогаш не биле преземени активности заради нивно разоткривање и сузбивање на нивното криминално однесување за кое што и МВР ги имало истите сознанија.

За предметниот случај подносителот наведува дека биле известени и други лица и државни органи (Министерот за внатрешни работи на РСМ, Началникот на СВР Охрид, Началникот на ОВР Дебар, Агенцијата за национална безбедност- АНБ, Бирото за јавна безбедност- БЈБ, Организиран криминал, но подносителот на пријавата нема информација дали и како е постапено по пријавите поднесени од негова страна.
Од ДКСК се бара да го преиспита случајот согласно со нејзините законски надлежности.

По разгледување на доставената пријава ДКСК констатира дека пријавените дејствија не се во надлежност на постапување на ДКСК и за истите друг орган е надлежен да постапува и доставената пријава ќе се достави на надлежно постапување на Министерството за внатрешни работи на РСМ- Оддел за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател**

**Адем Чучуљ**

Изготвил: П.Б., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: Б.К.Ш, член на ДКСК

Доставено до:
- Подносителот на пријавата